# ZERO WEIST

Зеро Вејст“ на уникатен и креативен начин ги едуцира децата и младите преку игра и спорт, а се состои од интерактивна едукација и спортско натпреварување на едукативен полигон.

Во првиот дел од едукацијата, модераторот ги претставува едукативните модули: **воздух и вода** (видови и извори на загадувачи, начини на заштита од загадувањето), **Планетата Земја**, **биодиверзитет и климатски промени**, како и **отпад** (рециклирање, разбирање на важноста од управување со отпадот, примена на безопасен отпад во производство на нови предмети). Преку едукативни прашања се поттикнуваат младите со логичко размислување да ги пронаоѓаат причините и решенијата за проблемите поврзани со одржливиот развој.

Вториот дел вклучува **зелен СИМ полигон** составен од моторички задачи чија основна тема е рециклирање на отпад. Концептот на натпреварување се состои од **8 до 12 екипи** кои се натпреваруваат на полигонот во штафетен формат. Задачата е водење на топка околу пречки до местото за одлагање на шишиња, лименки и хартија, земање едно пакување и враќање до стартната позиција каде што пакувањето треба да се фрли во соодветен контејнер за рециклирање. **Најбрзите и највештите екипи освојуваат пригодни дипломи.**

Целта на проектот е развој на **еколошката свест кај децата и младите**, поттикнување **одговорен однос кон животната средина** и подготвеност за зачувување на живата и неживата природа. Проектот ја истакнува важноста од разбирањето дека човекот е дел од природата, дека таа му е потребна за опстанок и дека ја користи за задоволување на потребите за движење и игра. Исто така, се поттикнува **креативна употреба на материјали од секојдневниот живот**, како и **физичка активност и организирање спортски манифестации**.

# ZERO WASTE ПОЛИГОН – ПРАВИЛНИК

**Член1**

На натпреварот можат да учествуваат сите учесници на Спортските игри на младите, без разлика на годината на раѓање.

**Член 2**

Екипата може да пријави најмногу 4 играчи. Во екипата мора да има најмалку 2 момчиња и 2 девојчиња.

**Член 3**

Стартот на полигонот треба да биде обележан со бела линија со ширина од 5 см.

**Член 4**

Знак за почеток на полигонот е свиреж од судиското свирче или од избран стартен уред, и тоа само откако стартерот ќе се увери дека сите натпреварувачи се зад стартната линија и во правилна стартна позиција.

**Член 5**

Доколку поради било која причина стартерот не е задоволен од подготовката за старт, иако натпреварувачите се на своите места, може да нареди тие да се оддалечат од линијата и повторно да ги постави на линијата за собирање.

## Член 6

Натпреварувачите/тркачите поминуваат меѓу чуњеви поставени на патека долга 20 метри. Бројот на чуњеви го одредува организаторот на лице место. Кога ќе стигнат до крајот на патеката земаат шише, лименка или хартија. По повторното враќање до стартната линија, предметот треба да се фрли во соодветната корпа за рециклирање. Потоа стартува следниот натпреварувач/тркач, почитувајќи ја правилната стартна позиција. Натпреварувачите поминуваат меѓу чуњевите во двата правци.

## Член 7

Екипата која прва ќе пристигне и ќе ги исполни сите задачи без прекршување на правилата победува.

## Член 8

Доколку некој натпреварувач/тркач ги прекрши правилата, мора повторно да ја започне својата акција (на пример: ако заобиколи погрешен чуњ или ако му испадне предметот од раце итн.).